Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 18 став (1) од Правилникот за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.234/23) и Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар за природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.285/22, 270/23 и 240/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 ноември 2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2025 година на Акционерското Друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост**

1. На Акционерското Друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, за 2025 година се одобрува регулиран максимален приход во износ од 377.313.786 денари и просечна тарифа во износ од 0,1370 ден/kWh, за пренесени 2.755.072.000 kWh природен гас.
2. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија изнесува 0,1337 ден/kWh природен гас.
3. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи изнесува 0,1470 ден/kWh природен гас.
4. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи - останати потрошувачи, потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 $nm^3$ изнесува 0,1537 ден/kWh природен гас.
5. Тарифите од точките 2, 3 и 4 на оваа одлука се применуваат во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31.12.2025 година.
6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Акционерското Друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: НОМАГАС АД Скопје) согласно член 15 од Правилникот за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), достави Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи за 2025 година бр.11-4545/3 од 30 септември 2024 година, (во понатамошниот текст: Барање). Барањето е заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со УП1 бр.08-581/24 од 30 септември 2024 година.

НОМАГАС АД Скопје кон Барањето ја достави потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика постапувајќи согласно член 17, став (2) од Правилникот, на 8 октомври 2024 година го објави известувањето во врска со Барањето на НОМАГАС АД Скопје на својата веб страна. Во предвидениот рок не беа доставени забелешки од заинтересирани страни.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно Правилникот, изготви предлог одлука со образложение, која беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 28 ноември 2024 година. На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од НОМАГАС АД Скопје, ДТИРЗ, ТЕ-ТО АД Скопје, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол – Скопје, Јавно претпријатие за енергетски дејности Струмица Гас-Струмица, ЈП Куманово Гас-Куманово, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Стопанска Комора на Република Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Советот за заштита на потрошувачите, Организацијата на потрошувачи на Македонија, ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ Енергетика Скопје, Либерти АД Скопје, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, Макстил АД Скопје, АД Пивара Скопје, АД Алкалоид-Скопје, и Стопанска комора на Северозападна Македонија.

Од страна на НОМАГАС АД Скопје на одржаната подготвителна седница беа доставени забелешки по однос на предметната предлог одлука.

**Податоци доставени од НОМАГАС АД Скопје**

НОМАГАС АД Скопје, во Барањето ги има презентирано следните податоци:

1. ***Планирани количини за пренос на природен гас***

НОМАГАС АД Скопје за 2025 година, планира да пренесе 2.755.072.000 kWh природен гас.

***Регулиран приход и регулирана просечна тарифа***

НОМАГАС АД Скопје, за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас, за регулираниот период 2025 година бара регулираниот приход и просечна тарифа да изнесуваат:

| Година | Регулиран приход (денари) | Просечна тарифа (ден/kWh) |
|---|---|---|
| 2025 | 509.688.449 | 0,1850 |

НОМАГАС АД Скопје, со Барањето има презентирано податоци за остварени трошоци и приходи за 2023 година, податоци за остварени трошоци и приходи за периодот од јануари до јули 2024 година, податоци за пренесени количини на природен гас за 2023 и 2024 година, како и планирани трошоци, приходи и количини на природен гас за 2025 година.

Во Барањето се презентирани следните податоци за 2025 година:

| ОПИС | НОМАГАС АД 2025 година |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар (денари) | 26.671.591 |
| Трошоци за тековно одржување (денари) | 87.932.452 |
| Трошоци за осигурување (денари) | 14.943.830 |
| Бруто плати (денари) | 99.142.189 |
| Менаџерски плати и награди (денари) | 6.200.000 |
| Други услуги (денари) | 7.226.625 |
| Останати и вонредни трошоци (денари) | 15.202.456 |
| **Вкупно оперативни трошоци (денари)** | **257.319.143** |
| **Амортизација (денари)** | **128.193.893** |
| **Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од работењето (денари)** | **786.726** |
| WACC (%) | 6,3787 |
| RAB просек (денари) | 2.793.159.658 |
| Вредност на залиха на природен гас во мрежа AVSt-1 (денари) | 42.329.940 |
| **Принос на регулирани средства (денари)** | **90.433.688** |
| **Технички загуби (денари)** | **32.955.000** |

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Согласно Правилникот, времетраењето на регулираниот период за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас изнесува една година, со почеток од 1 јануари 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот, со оваа одлука го утврди регулираниот максимален приход и регулираната просечна тарифа за 2025 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за НОМАГАС АД Скопје.

Регулираниот максимален приход се утврдува од страна на Регулаторната комисија за енергетика врз основа на анализата на остварените финансиски резултати од работењето на регулираното друштво, односно вршењето на регулираната дејност пренос на природен гас во 2023 година која претставува базна година за новиот регулиран период, доставените финансиски податоци за периодот јануари - јули 2024 година, како и планираните активности на друштвото за регулираниот период.

Во тек на постапката се изврши анализа на доставените податоци, при што се утврди следното:

***Оперативни трошоци***

Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по Барањето, за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2025 година направи анализа на доставените податоци и соодветна прераспределба на бараните оперативни трошоци по групи и ги определи оперативните трошоци во вкупен износ од 191.614.807 денари и тоа:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се утврдени во износ од 41.898.783 денари имајќи ги во предвид реализираните трошоци за периодот јануари – јули 2024 година, прилагодени на годишно ниво и прилагодени за предвидената стапка на инфлација од 2,5% (согласно податоци од НБРМ). Воедно е направена прераспределба на одредени трошоци кои во барањето се презентирани во групата на трошоци за тековно одржување, односно во оваа група на трошоци се вклучени трошоците за замена на вентили на Магистрала и резервни делови за МРС во вкупен износ од 28.000.000 денари, кои во барањето се презентирани во групата трошоци за одржување во износ од 47.000.000 денари. Трошокот за природен гас за сопствени потреби е пресметан соодветно на планираните количини доставни од барателот и прогнозираната цена на природен гас за 2025 година.
2. Трошоците за тековно одржување се утврдени во износ од 11.226.361 денари. За утврдување на оваа група на трошоци земени се во предвид податоците презентирани во Барањето и дел од трошоците кои се презентирани во Барањето за оваа група се распределени во соодветните групи на трошоци.
3. Трошоците за осигурување за 2025 година се прифатени согласно податоците презентирани во Барањето во износ од 14.943.830 денари.
4. Трошоците за бруто плати за 2025 година се утврдени во износ од 89.609.286 денари и се пресметани согласно прикажаниот износ на просечна бруто плата по вработен во барањето, прилагодени за 94 вработени. При утврдување на бројот на вработени е земен во предвид податокот за број на вработени во ноември 2024 година и дополнително се одобрени средства за десет нововработени, потребни со отпочнување со работа на платформата за закуп на капацитети;
5. Менаџерските плати и менаџерските награди се прифатени согласно презентираните податоци доставени во прилог на Барањето во износ од 6.200.000 денари;
6. Трошоците за други услуги за 2025 година се утврдени во износ од 21.508.810 денари при што се земени во предвид остварените трошоци во базната 2023 година, прилагодени за стапката на инфлација во 2024 и 2025 година (3,5% и 2,5% соодветно согласно податоци објавени од НБРМ), зголемени за побараниот износ за закуп на платформа за капацитети прикажан во групата на трошоците за тековно одржување во Барањето.;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се утврдени во износ од 6.227.737 денари имајќи ги во предвид реализираните трошоци во базната 2023 година прилагодени за стапката на инфлација во 2024 и 2025 година (3,5% и 2,5% соодветно согласно податоци објавени од НБРМ), со исклучок на трошокот за регрес за годишен одмор кој е земен согласно оствареното во период од јануари – јули 2024 година, прилагоден за 94 вработени и зголемен за предвидената стапка на инфлација за 2025 година;

Вредноста на CPI е земена според достапните податоци објавени од Народна банка на Република Северна Македонија и изнесува 3,5% за 2024 година, и 2,5% за 2025 година.

Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот од работењето за 2025 година се утврдени во износ од 786.726 денари имајќи ги во предвид податоците од барањето.

Трошокот за амортизација за 2025 година е утврден во износ од 122.507.664 имајќи ја во предвид амортизацијата на постојните основни средства и одобрените инвестиции за 2025 година.

***Вредност на средствата за вршење на регулирана дејност (RAB) и принос на капитал (RA)***

Регулаторната комисија за енергетика ги анализираше доставените податоци за регулираните средства, изврши пресметката на вредноста на истите и ја утврди вредноста на просечниот RAB:

| Р.бр. | Опис | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
|---|---|---|---|---|
| | | Базна година | Планирано | Планирано |
| **1** | **RAB start (денари)** | **2.055.809.019** | **1.941.065.237** | **1.823.545.128** |
| **2** | **Инвестиции во текот на годината (денари)** | **28.948.884** | **5.077.718** | **194.748.292** |
| **3** | Одбитни ставки | 134.958.259 | 122.597.828 | 122.507.664 |
| 3.1 | Амортизација | 133.546.261 | 117.638.957 | 122.507.664 |
| 3.2 | Бесплатно добиени средства во текот на годината | | 4.958.871 | |
| 3.3 | Отуѓени, расходувани и повлечени од употреба средства во текот на годината | 1.411.998 | | |
| **4** | **RAB end** | 1.941.065.237 | 1.823.545.128 | 1.895.785.756 |
| 5 | **Просечен RAB** | **1.998.437.128** | **1.882.305.183** | **1.859.665.442** |

При утврдувањето на вредноста на регулираните средства во базната 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика ги зема во предвид вредноста на средствата со кои се врши регулираната енергетска дејност пренос на природен гас според податоците доставени во прилог на Барањето. Вредноста на новите инвестиции за 2025 година е утврдена соодветно на вредноста на основните средства кои ќе бидат пуштени во употреба во годината.

Вредноста на амортизацијата за 2025 година е пресметана согласно на амортизацијата на постојните средства со додадена планска амортизација за 2025 година за објектот во Ржаничино.

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е прикажана во следната табела:

| Р.бр | ОПИС И ОЗНАКА | Износ |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (%) | 60,00% |
| 2 | Долгорочен долг, Debt (%) | 40,00% |
| 3 | Цена на долг, Kd (%) | 6,07% |
| 4 | Стапка на поврат без ризик, Rf (%) | 0,94% |
| 5 | Цена на сопствен капитал, Ke (%) | 6,46% |
| 6 | Бета фактор неприлагоден | 0,35 |
| 7 | Бета фактор прилагоден | 0,56 |
| 8 | Премија за ризик, MRP | 9,86% |
| 9 | Стапка на данок на добивка, Tp (%) | 10,00% |
| **10** | **Пондерирана просечна номинална цена на капиталот пред оданочување, WACC (%)** | **6,74%** |

Структурата на капиталот е утврдена согласно Правилникот при што учеството на долгорочниот долг изнесува 40%.

Вредноста на цената на долгот, Kd (%) е пресметана врз основа на долгорчните каматни стапки на денарските кредити во првите пет месеци од 2024 година објавени од страна на Народна банка на Република Северна Македонија.

Цената на сопствениот капитал претставува збир на стапката на поврат без ризик што претставува пет годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и премијата за ризик на Република Северна Македонија која согласно податоците од базите на Дамодаран од 1 јануари 2024 година и истата изнесува 9,86% врз чија вредност се применува прилагодениот бета фактор. Бета факторот

неприлагоден се однесува на волатилноста на сопствениот капитал карактеристична за секторот на услужни дејности во развиените пазари кој согласно податоците од базите на Дамодаран од јануари 2024 година изнесува 0,35. Бета факторот прилагоден се добива како функција на бета факторот неприлагоден и соодносот на долгот наспроти сопствениот капитал.

Принос на капиталот за 2025 година е пресметан врз основа на просечната вредност на регулираните средства за 2025 година на кои е додадена вредноста на залихите на природен гас во системот за пренос ($AVS_{t-1}$) во износ од 43.194.441 денари.

Вредноста на залихи на природен гас во системот за пренос ($AVS_{t-1}$) е утврдена за количина од 14.109.980 kWh за 2025 година, при што просечната набавна вредност на природен гас е утврдено да изнесува 3,0613 ден/ kWh за 2025 година.

Принос на капиталот за 2025 година се признава во износ од 50% од пресметаниот принос од регулираните средства (RA) соодветно на планираните пренесени количини на природен гас за 2025 година и е утврден во износ од 64.126.378 денари.

***Технички загуби за природен гас***

Техничките загуби за 2025 година се пресметани согласно прогнозираните количини на природен гас за пренос во 2025 година, во износ од 0,5% од вкупните количини на природен гас на влез во системот за пренос на природен гас и истите изнесуваат 42.380.929 денари.

***Фактор на корекција***

Факторот на корекција за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2023 година е утврден во износ од 73.829.609 денари. Преостанатиот дел од факторот на корекција од претходни години изнесува 73.179.452 денари. Вкупниот фактор на корекција изнесува 147.009.061 денари. Факторот на корекција за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас кој се применува за 2025 година е утврден да изнесува 44.102.718 денари. Преостанатиот дел во износ од 102.906.342 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има во предвид при носењето на одлуките за наредните години.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2023 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, ($MARK_{2023}$) изнесува 267.996.523 денари и е прикажан во следната табела:

| **Р.бр** | **ОПИС** | **РКЕ ОДЛУКА ЗА 2023 год.** | **$MARK_{2023}$** |
|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар (денари) | 37.641.250 | 23.510.011 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување (денари) | 30.324.701 | 22.413.395 |
| 3 | Трошоци за осигурување (денари) | 10.000.000 | 11.885.398 |
| 4 | Бруто плати (денари) | 54.146.820 | 76.884.098 |
| 5 | Менаџерски плати и награди (денари) | 8.547.094 | 5.879.441 |
| 6 | Други услуги (денари) | 10.987.801 | 15.912.629 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци (денари) | 14.310.057 | 5.276.291 |
| 8 | Вкупно оперативни трошоци (денари) | 165.957.723 | 161.761.263 |
| 9 | Амортизација (денари) | 121.298.803 | 133.546.261 |
| 10 | Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од работењето (денари) | 360.000 | 693.469 |
| 11 | Принос на капитал | 38.758.942 | 38.758.942 |
| 12 | Технички загуби | 76.750.000 | 59.848.064 |
| 13 | К-Фактор | 126.611.475 | 126.611.475 |
| 14 | Корегиран регулиран максимален приход | 276.513.993 | 267.996.523 |

Остварениот приход за 2023 година изнесува 339.133.651 денари, согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатието за 2023 година. Во овие пресметки не е земен во предвид приходот остварен од преносот на количините на природен гас пренесени за потребите

на производителите на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во периодот од 01.05.2023 година до 30.09.2023 година.

Просечната пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Северна Македонија за 2023 година изнесува 1,72% и за 2024 година изнесува 2,03%.

Согласно доставеното барање од НОМАГАС АД Скопје, за 2025 година предвидени се 2.755.072.000 kWh количини на природен гас да бидат пренесени низ системот.

Согласно Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 285/22, 270/23 и 240/24), за 2025 година од примена на Тарифниот систем, регулираниот максимален приход кој што се распределува на тарифните елементи за капацитет е нула и соодветно на тоа тарифата за капацитет исто така е нула.

Согласно на член 238 став (4) од Законот за енергетика* вршителот на дејноста пренос на природен гас ја врши функцијата оператор на пазар на природен гас до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас и соодветно на ова во тарифата за пренос е вклучена и тарифа за пазар на природен гас.

Регулираниот максимален приход за 2025 година изнесува 377.313.786 денари за пренос на 2.755.072.000 kWh природен гас.

Согласно точка 4.2 од Прилог 1 од Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас а имајќи ги во предвид карактеристиките и динамиката на користење на преносниот систем, тарифата за категоријата на потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија изнесува 0,1337 ден/kWh природен гас, тарифата за категоријата на потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи изнесува 0,1470 ден/kWh природен гас и тарифата за категоријата на потрошувачи останати потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 $nm^3$ изнесува 0,1537 ден/kWh природен гас.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**УП1 бр. 08-581/24**
**29 ноември 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**